ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПОДДРШКА НА СТАРТ АП ФИРМИ ОД СФЕРАТА НА ПРИРОДНИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ НАУКИ СО СЕДИШТЕ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Општина Гази Баба и ПСМ Фондација, објавуваат повик за натпревар во бизнис план, со цел за поддршка на три стар ап фирми, со фокус на животна средина.** Заинтересираните учесници, старт ап фирмите со седиште во општина Гази Баба, кои искажале интерес за учество на конкурсот, треба да ги исполнуваат следните услови:

- Физички лица на возраст од 18 до 40 години - достава на фотокопија од лична карта;
- Микро и мали старт ап фирми не постари од 3 години - достава на Тековна состојба не постара од 30 дена од денот на достава;
- Услов за искористување на наградата од новоснованата фирма е да биде со локација во Општина Гази Баба - достава на Тековна состојба по регистрација на фирмата;
- Бизнис идеја / иновативно решение со фокус на животна средина - Достава на пријава со краток пресек на бизнис идејата од страна на проектниот тим или старт ап фирмата;
- Целни области: управување со отпад, управување со води и третман на отпадни води, шумарство и земјоделие, урбана средина, климатски промени и др. - достава на пријава со краток пресек на целната област од страна на старт ап фирмата.

**Сите учесници ќе имаат можност да бидат дел од акцелераторската програма за зелени бизниси, имплементирана од ПСМ фондација, која вклучува:**

- Циклус обуки на следните теми: 1) разбирање на циркуларна вредност, 2) политики за животна средина и релевантна правна рамка, 3) предлог за циркуларна вредност, 4) синџир на циркуларна вредност, 5) циркуларна вредност со прототипирање, 6) имплементација на циркуларно решение, 7) пристап до финансии и 8) интелектуална сопственост.
- Менторство од искусни експерти за развој на бизнис идејата
- Презентација на идеите на настан организиран од ПСМ Фондација

**Најдобрите идеи ќе имаат можност да добијат награда во износ од 200 000 денари, која вклучува**:

- Целосно опремен канцелариски простор во времетраење од една година;
- Покриени трошоци за регистрација на фирма во Општина Гази Баба;
- Учество во акцелераторска програма за зелени бизниси;
- Континуирана поддршка и менторство за раст и развој на компанијата;
- Помош при подготовка на апликација / презентација за инвеститори и програми за финансирање;
- Вмрежување
- Промоција

**Начин на аплицирање:**

Заинтересираните учесници ќе треба да ја достават следната документација:

- Достава на фотокопија од лична карта;
- Достава на Тековна состојба не постара од 30 дена од денот на достава (доколку станува збор за старт ап компанија);
- Достава на Тековна состојба по регистрација на фирмата (по завршување на натпреварот);
- Достава на пријава со краток пресек на бизнис идејата од страна на проектниот тим или старт ап фирмата и краток пресек на целната област на следниот линк на е-пошта contact@yes.org.mk, најдоцна до **15ти јуни, 2022** година до 23:59 часот.

***Услов за искористување на наградата е новоснованата компанија да биде со седиште во Општина Гази Баба, добитникот на наградата, како и основачот да биде на возраст од 18 до 40 години, а доколку станува збор за постоечка старт ап компанија, да отвори подружница или пак да направи промена на седиште со адреса во Општина Гази Баба**